ROW-POWER

Enhancing support for Roma women victims of GBV



## ИНФОРМАТОР 3

**АПРИЛ 2025**

# ЗАЈАКНУВАЊЕ НА ПОДДРШКАТА ЗА ЖЕНИТЕ РОМКИ ЖРТВИ НА РБН

## НАПРЕДОК НА ПРОЕКТОТ

Од нашиот последен билтен, партнерските организации присуствуваа на вториот транснационален состанок организиран од Institute for Roma and Minority Inclusion (IRMI), во Вупертал, Германија. За време на состанокот партнерите го разгледаа планот за развој на содржини за работниот пакет 3 и оттогаш развија две програми за обука за градење на капацитетите за Ромски Медијатори и Професионалци за родово-базирано насилство(РБН).

## ТПС ВУПЕРТАЛ, ГЕРМАНИЈА

Состанокот се одржа два дена од 30ти -31ви Октомври 2024 година. Партнерите од Ирска, Грција, Шпанија и Северна Македонија присуствуваа лично, додека партнерите од Романија и Словачка се приклучија на состанокот онлајн. За време на состанокот партнерите дискутираа за сите аспекти и работни пакети на проектот. Партнерите проверија дали сите задачи се завршени за работниот пакет 2 и дискутираа за наодите од нивните национални извештаи и влијанието на истите врз развојот на содржината за работниот пакет 3. Симплексис ги претстави најдобрите практики идентификувани во Грција и ги советуваше партнерите да додадат најмалку три во нивните национални извештаи. Два значајни примери од Грција и Шпанија се наведени и поврзани подолу!

- **Грција – Протокол за управување со инциденти на родово базирано насилство во миграцијата:** Практичен водич за промовирање на ефективна соработка помеѓу преведувачи, културни медијатори и РБН Професионалци во засолништа за мигранти за да се обезбеди пристап на жртвите до услуги за заштита и подобрување на координацијата на одговор.
- Линк до ресурсот

- **Шпанија – Me quiero libre (Сакам да бидам слободен):** Водич за младински работници за спречување на родовото базирано насилство меѓу адолесцентите, во кој се вклучени 13 работилници во пет категории, со фокус на поддршка на Ромската младина во препознавањето на знаците за рано предупредување и поттикнување на односи на почит.
- Линк до ресурсот

Состанокот првенствено се фокусираше на планот за развој на содржини за работниот пакет 3 (програми за обука за градење капацитети), партнерите ги разгледаа и дискутираа за насоките креирани од Topcoach

Ко-финансирано од Европска Унија

Финансиран од Европската Унија. Сепак, изразените ставови и мислења се само на авторот(авторите) и не мора да ги одразуваат оние на Европската унија или Европска извршна агенција за образование и култура (EACEA). Ниту Европската унија, ниту EACEA не можат да бидат одговорни за нив. Број на проектот: 2023-1-DE02-KA220-ADU-000155228

и заедно поставија рокови. Тие, исто така, го разгледаа првиот модул развиен од партнерите SRC како пример. Заедно и со придонес од HIP техничкиот партнер, тие планираа како содржината и модулите ќе бидат презентирани во нивната финална форма на проектната платформа.

За време на состанокот партнерите имаа можност да дискутираат за плановите за пилотирањето и работилниците за работните пакети 3 и 4. Тие разговараа за кампањата за подигнување на свеста за РП4 и планот за креирање на кратки, 1-2-минутни видеа на жените Ромки како дел од оваа иницијатива. Тие разговараа за ситуацијата во секоја земја партнер и си дадоа совети за регрутирање на учесници за овие обуки и работилници. Средбата беше одлична можност да се постави план за преостанатите проектни задачи и да се соработува!




*ТПС во Вупертал, Германија*

## ПРОГРАМИ ЗА ОБУКА ЗА ГРАДЕЊЕ КАПАЦИТЕТИ

Секоја програма за обука се состои од шест теми и следи модуларен, мешан пристап за учење кој комбинира самостојни онлајн модули, квизови, студии на случај и мултимедијални ресурси со лични лекции, активности и сценарија за играње улоги.

- Програмата за обука на Ромски Медијатори се фокусира на подигнување на свеста за РБН, раниот брак и правата на жените кај жените Ромки, истовремено насочувајќи ги кон соодветните служби за известување. Медијаторите се обучени да служат како посредници помеѓу жените Ромки и давателите на услуги.
- Програмата за обука на Професионалци за РБН има за цел да го подобри разбирањето на Професионалците за специфичните бариери со кои се соочуваат жените Ромки кога бараат помош во случаи на РБН. Ова треба да резултира со тоа што практичарите ќе обезбедат почувствителна, поефикасна и подостапна поддршка.

## БИДЕТЕ ВО ТЕК

За да бидете во тек со нашиот проект, посетете ја нашата веб-страница: https://row-power-project.eu/
И следете ги нашите страници на Facebook, Instagram и LinkedIn !

## КООРДИНАТОР

INSTITUTE for ROMA and MINORITIES INCLUSION

## ПАРТНЕРИ

Caminos | topcoach | HIP Hub of Innovation Policy | symplexis | spectrum RESEARCH CENTRE

**Останете со нас.**

Ко-финансирано од Европска Унија

Финансиран од Европската Унија. Сепак, изразените ставови и мислења се само на авторот(авторите) и не мора да ги одразуваат оние на Европската унија или Европска извршна агенција за образование и култура (EACEA). Ниту Европската унија, ниту EACEA не можат да бидат одговорни за нив. Број на проектот: 2023-1-DE02-KA220-ADU-000155228